# Службен гласник

| Број 24 | понеделник, 03 ноември 2014 год. |
|---|---|

на Општина Кавадарци


**С О Д Р Ж И Н А**


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци; | 5 |
| Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци; | 5 |
| Решение за објавување на Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци; | 10 |
| Одлука за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци; | 10 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци; | 15 |
| Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци; | 15 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на тарифа на цени за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци; | 18 |
| Одлука за утврдување на тарифа на цени за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци; | 18 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци; | 19 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци; | 20 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за концесија на давање услуги на паркирање во Општина Кавадарци; | **20** |
| Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за концесија на давање услуги на паркирање во Општина Кавадарци; | **21** |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година; | **24** |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година; | **24** |
| Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци; | **25** |
| Одлука за давање под закуп недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци; | **25** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за објекти надвор од планскиот опфат; | **26** |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за објекти надвор од планскиот опфат; | **27** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура; | **30** |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура; | **30** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура на КП.бр.3881/1 КО Ваташа; | **34** |
| Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура на КП.бр.3881/1 КО Ваташа; | **35** |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура на КП.бр.11652 КО Кавадарци 2; | **36** |

| | |
|---|---|
| Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.11652 КО Кавадарци 2; | |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.4169 и дел од КП.бр.4786/1 КО Ваташа; | 37 |
| Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.4169 и дел од КП.бр.4786/1 КО Ваташа; | 37 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.10419/1 и дел од КП бр.10419/2 КО Кавадарци 2; | 38 |
| Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.10419/1 и дел од КП бр.10419/2 КО Кавадарци 2; | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.4163 КО Ваташа; | 40 |
| Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура на КП.бр.4163 КО Ваташа; | 40 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година(Ресава); | 41 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година(Ресава); | 42 |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување членови на Општински Совет за безбедност на сообракајот на патиштата; | 42 |
| Решение за разрешување и именување членови на Општински Совет за безбедност на сообракајот на патиштата; | 43 |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци | 44 |

| | |
|---|---|
| Решение за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | 45 |
| Решение за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | 45 |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на Претседател и членови на Надзорниот Одбор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | 46 |
| Решение за разрешување и именување на Претседател и членови на Надзорниот Одбор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | 47 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Статут на ЈОУДГ„Рада Поцева „ Кавадарци; | 47 |
| Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Статут на ЈОУДГ„Рада Поцева „ Кавадарци; | 48 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„Рада Поцева „ Кавадарци; | 48 |
| Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„Рада Поцева „ Кавадарци; | 49 |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Извештај за редовното работење на ЈП„Јасмин„ Кавадарци за првото полугодие од 2014 год; | 49 |
| Одлуката за усвојување на Извештај за редовното работење на ЈП„Јасмин„ Кавадарци за првото полугодие од 2014 год; | 50 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за исплата на платите на работниците во ЈП„Комуналец„ Кавадарци; | 50 |
| Одлуката за давање на согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за исплата на платите на работниците во ЈП„Комуналец„ Кавадарци; | 51 |
| Акти на Комисија за статут и прописи | 51 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за јавните паркиралишта**
**од значење за Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/1**
**03.11.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12 и бр.27/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05), Советот на општина Кавадарци, на седницата одржана на 30.10.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за јавните паркиралишта од значење за Општина Кавадарци**

***Општи одредби***

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат јавни паркиралишта и површини од значење за Општина Кавадарци за јавна употреба за паркирање на возила (во натамошниот текст: јавни паркиралишта) и се уредува начинот на користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања од значење за паркирањето.

Член 2

Јавните паркиралишта се користат од страна на физички и правни лица (во понатамошниот текст: корисници) за паркирање на патнички моторни возила, автобуси, товарни и приклучни возила, мотоцикли, камп и други видови на приколки.

Како корисник на паркиралиштето, во смисла на оваа одлука, се смета возачот или сопственикот на возилото доколку возачот не е идентификуван.

Член 3

Изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта од значење за општината се во надлежност, односно се работи од јавен интерес од локално значење за Општина Кавадарци.

Работите од став 1 на овој член Советот на Општина Кавадарци може да ги даде под концесија или јавно приватно партнерство согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: организатор на паркирањето).

Член 4

Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на површини наменети за паркирање (паркиралишта) во функција на редовна некомерцијална употреба на станбени и деловни објекти и изградени-уредени во рамките на градежна парцела или градба или градби што се во приватна сопственост, во согласност со урбанистичките планови и документација.

На паркиралиштата од став 1 на овој член, не е дозволено вршење на дејноста паркирање во комерцијални цели.

## *Јавни паркиралишта од значење за Општина Кавадарци*

Член 5

Јавни паркиралишта од значење за градот, во смисла на одредбите на оваа одлука, се посебно уредени и обележани простори наменети за групно паркирање на определен вид на возила, и тоа:

- во рамки на површини или градби, утврдени за таква намена и дефинирани со урбанистички план (затворени паркиралишта),
- на самите магистрални и собирни улици (коловоз, тротоар, заштитен појас), како и на улици што гравитираат кон нив или надвор од површините опфатени со тие улици, утврдени и дефинирани со посебна одлука на Советот на Општина Кавадарци (отворени паркиралишта).

Јавни паркиралишта од значење за општината, во смисла на одредбите на оваа одлука, се и посебно уредени и обележани простори на градежно неизградено земјиште, наменети за паркирање, од времен карактер, изградени од Општина Кавадарци, до реализација на намената на земјиштето согласно урбанистички план.

## *Означување и обележување на јавните паркиралишта*

Член 6

Организаторот на паркирањето е должен да ги означи, обележи, уреди и одржува јавните паркиралишта на кои паркирањето се наплатува.

Јавните паркиралишта мораат да бидат означени и обележани со сообраќајна сигнализација во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот.

Јавните паркиралишта мораат да имаат ознака за името на паркиралиштето, работното време на паркиралиштето, начинот на паркирање, системот на наплата за паркирање и висина на цената на услугата за паркирање според единица час/паркирање.

***Користење на јавните паркиралишта***

Член 7

Јавните паркиралишта мора да се користат на начин со кој се обезбедува безбедно и економично групно стационирање на повеќе возила од определен вид, така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообраќаен пристап.

Користењето на јавните паркиралишта мора да биде во согласност со предвидениот режим утврден со хоризонтална и вертикална сигнализација.

Член 8

На јавните паркиралишта, во зависност од потребите и условите за паркирање, условите и фреквенцијата на сообраќајот, паркирањето може временски да биде ограничено.

Член 9

Системот на паркирањето, определување на зоните, времето на паркирањето, ограничување на паркирањето, резервацијата и повластеното паркирање, го определува Советот на Општина Кавадарци со своја одлука.

Член 10

Со паркирање на возилото на јавно паркиралиште, се смета дека возачот односно сопственикот на возилото се согласил и ги прифатил условите за користење на јавното паркиралиште пропишани со оваа одлука.

Член 11

Јавните паркиралишта, во исклучителни случаи со претходно одобрение од Градоначалникот на Општина Кавадарци, можат привремено да се користат за организирање и одржување на забавни, спортски и други манифестации, за што организаторот на паркирањето и организаторот на манифестацијата склучуваат договор. Еден примерок од договорот задолжително се доставува до Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообракај и заштита на животната средина на Општина Кавадарци.

За користењето на јавните паркиралишта во смисла на став (1) на овој член, организаторот на паркирањето е должен на Општина Кавадарци да му плати комунална такса, во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на Општина Кавадарци.

Член 12

Организаторот на паркирањето има обврска за чување на паркираното возило и одговара за крадење на возилото на модуларниот паркинг и покриениот паркинг на плоштадот .

Организаторот на паркирањето нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за оштетување и крадење на возилото на јавните паркиралишта.

Организаторот на паркирањето одговара за безбедноста на возилата при отстранување со пајак возило и чување во депо.

Општината не одговара за било какви оштетувања на возилата и крадење на истите од јавни паркиралишта .

***Наплата за услугата на паркирање***

Член 13

За користење на јавните паркиралишта корисникот е должен да плати соодветен паричен износ на име цена на услуга за паркирање.

Ценовникот на услугите за користење на јавните паркиралишта го донесува Советот на Општина Кавадарци .

Член 14

За користење на јавните паркиралишта, организаторот на паркирањето плаќа комунална такса согласно Одлуката за висина на комуналните такси во Општина Кавадарци, донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци.

Средствата по основ на комуналната такса, организаторот на паркирањето е должен да ги уплатува на сметка на Општина Кавадарци наредниот ден по нивната наплата.

Член 15

Ако корисникот на паркиралиштето не го изврши плаќањето (цена на паркирање, доплатен билет, други трошоци) на начин согласно оваа одлука, ќе се смета дека паркирањето е непрописно и овластеното лице на организаторот на паркирањето може да побара блокирање на тркалата (со лисици, блокатори на тркала) или отстранување на возилото од паркиралиштето (со пајак-возило).

Член 16

Возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, при извршувањето на нивните редовни работни активности, не плаќаат за користење на услугите на јавните паркиралишта.

***Повластено паркирање***

Член 17

За станарите, односно правните лица што имаат живеалиште, односно деловен простор во објекти во границите на чии парцели не е решено паркирањето, може да се утврдат повластени услови за паркирање на нивните возила на јавните паркиралишта што се во непосредна близина, во поглед на бројот на возила, траење на паркирањето и цената на услугата и да им се издаде повластен паркирен билет.

Правото на користење на повластен билет за паркирање го утврдува Советот на општина Кавадарци.

***Резервирани места***

Член 18

Организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи (резервира) места за паркирање на возила на лица со инвалидитет, до 3% од вкупен број паркинг места.

Советот на Општина Кавадарци ги утврдува категориите на лица со инвалидитет кои можат да користат резервирани паркинг места и условите за паркирање на нивните возила.

***Ослободување од плаќање за паркирање***

Член 19

Од плаќање на надомест за паркинг се ослободуваат возилата на лицата со: лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисијанво Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Член 20

Во зависност од капацитетот на паркиралиштето, може да се одобри и утврди резервација на места за паркирање на јавното паркиралиште за одреден број возила на правни и физички лица и дипломатски и други претставништва.

Бројот на резервираните места од ставот 1 на овој член и условите за нивно користење ги одредува Советот на општина Кавадарци.

***Забрани***

Член 21

На јавните паркиралишта забрането е:

- паркирање на моторни возила спротивно на сообраќајните знаци, на хоризонталната и вертикална сигнализација (паркирање на резервиран паркинг простор и сл.);

- паркирање на нерегистрирано возило;

- оставање на паркинг просторот на неисправно или хаварисано возило, односно приклучно возило без сопствен погон (приколки и сл.);

- вршење на перење или поправка на возило.

***Отстранување на неправилно и непрописно паркирани возила од паркинг простори и возила од прометни површини***

Член 22

Под отстранување на возила во смисла на оваа одлука се смета поставување на средства за блокирање на тркалата на возилото како и подигање и отстранување и пренос на возилото со специјално возило (пајак) до посебно уреден паркинг простор наменет за отстранети возила.

Организаторот на паркирањето има право да ги отстрани возилата со пајак возило или да ги блокира тркалата со ставање на лисици или блокатори на тркалата во случај ако крајниот корисник на јавниот паркинг простор не плати за користење на услугите на пракирање, како и во случај на непрописно паркирање надвор од јавниот паркинг простор и притоа да побара асистенција од Министерството за внатрешни работи.

Советот на Општина Кавадарци ја утврдува цената за отстранување на возилата со пајак возило или блокирање на тркалата со ставање на лисици или блокатори на тркалата во случај ако крајниот корисник на јавниот паркинг простор не плати за користење на услугите на паркирање, како и во случај на непрописно паркирање надвор од јавниот паркинг простор.

***Надзор***

Член 23

Надзор врши Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Кавадарци.

Работите на инспекциски надзор над примената на оваа Одлука и над актите донесени на основа на оваа Одлука , како и над вршењето на дејноста паркирање врши одделението за инспекциски надзор.

***Преодни и завршни одредби***

Член 24

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07- 4925/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5100/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11 , 114/12 и бр.27/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа(„Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05 Советот на општина Кавадарци, на седницата одржана на 30.10.2014 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат јавните паркиралишта и другите јавни површини на подрачјето на град Кавадарци (во понатамошниот текст: површини за зонско паркирање) на кои ќе се применува системот на зонско паркирање како и начинот, условите на паркирање, времетраењето на паркирање, негово ограничување, начинот на наплатата како и начинот на означување на ограничувањето на отворените јавни паркиралишта или зонско паркирање,начинот и постапката за наплата на паркирањето преку СМС пораки и паркинг-картички, постапката за повластено паркирање, постапка за резервација, постапката и начинот на употреба на блокатори на тркалата, постапката и начинот на наплата на доплатен билет, како и други прашања кои се однесуваат на паркирањето.

Член 2

Зонското паркирање се применува на три зони во град Кавадарци односно: прва зона „А„ , втора зона „ В„ и трета зона „С„.

Член 3

Прва зона „А„ го опфаќа подрачјето на седните улици:

A1 - Паркирање Центар – Плоштад пред Комерцијална Банка.

A2 - Паркирање на ул. „Илинденска„ од двете страни на пресекот со ул.„7-ми Септември „„до пресекот со ул.„Цано Поп Ристов„.

A3 - Паркирање на ул.„7-ми Септември„ од јужна страна , и тоа од пресекот со ул.„Зелен Пазар„ до пресекот со ул.„Браќа Џунови„(исклучок од ул„1ви мај до под полицијата).

A4 - Паркирање на ул.„Тиквешко Востание„ , поранешна „ЈНА„од едната страна од пресекот со ул.„Миле Вчков„ до зградата на Општина Кавадарци.

A5 – Паркирање на ул.„Мито Хаџивасилев Јасмин„ од јужната страна и тоа од пресекот со ул.„Битолска„ до пресекот со ул. „Климент Охридски„.

Член 4

Втората зона „В„ го опфаќа подрачјето на следните улици:

B1 - Паркирање во подземна гаража наспроти зградата на Општина Кавадарци.
B2 - Паркирање на паркингот над подземната гаража наспроти зградата на Општина Кавадарци.
B3 - Паркирање на паркинг на ул.„Фердо Росомански„ позади поранешно РАДИОБРАН.
B4 - Паркирање на ул.„Пано Мударов„ од пресекот со ул.„Илинденска„ на почетокот на двете страни, а потоа од јужната страна до пресекот со ул.„Битолска„.

B5 - Паркирање на ул.„ Илинденска„ од двете страни од пресекот со ул.„Цано Поп Ристов„ до пресекот со ул.„Партизанска„.
B 6 - Паркирање на ул.„ Илинденска„ од двете страни од пресекот со ул.„Партизанска„ до пресекот со ул.„Максим Горки„.
B7 - Паркирање на ул.„ Илинденска„ од двете страни од пресекот со ул.„Максим Горки„ до пресекот со ул.„Охридска„
B8 - Паркирање на Парк Полана од едната страна(од страната на паркот ) на улиците „Партизанска„ , „Лазо Мицев„ и „11-ти Октомври„.
B9 - Паркирање на ул.„Цано Поп Ристов„ од пресекот со ул.„Блажо Алексов„ од јужната страна до пресекот со ул.„Лазо Мицев„ , а потоа од двете страни до пресекот со ул.„Зелен Пазар„,потоа од северната страна до ул„Илинденска„ .
B10 - Паркирање на модуларен паркинг на ул.„ 1-ви Мај„.
B11 - Паркирање на паркинг позади поранешен хотел Балкан.

Член 5

C1 - Паркирање булевар „Никола Минчев„(поранешен „Едвард Кардељ„) од двете страни од кружниот тек до пресек со булевар Македонија.
C2 - Паркирање на булевар„Моша Пијаде„ од двете страни од кружниот тек до пресекот со булевар „Цветан Димов„.

C3 - Паркирање на булевар „Македонија„ од двете страни од пресекот со булевар„Цветан Димов„ до пресекот со ул.„Орце Николов„.

C4 - Паркирање на булевар„Кочо Рацин„ од двете страни од кружниот тек до пресекот со улица „Орце Николов„.

C5 - Паркирање на ул.„7-ми Септември„ од јужната страна ,од пресекот на ул„Киро Крстев„до пресекот со ул.„Методи Џунов Џикот„.

C6 - Паркирање на кружниот тек на делот од пресекот со булевар „Моша Пијаде„ до пресекот со улица „Илинденска„(југозападна страна).

Член 6

Организаторот на паркирањето на секој паркинг простор (затворен или отворен) е должен да ја означи соодветна зона, да постави вертикална и хоризонтална сигнализација, информативни табли за видот на возилата кои можат да се паркираат, времето на максимално дозволено паркирање, цената на паркирањето, начинот на плаќањето, како и други информации кои се неопходни за информирање на корисниците на услугите на паркирањето.

Член 7

Наплатата на паркирањето ќе се врши согласно Ценовникот донесен од страна на Советот на Општина Кавадарци.

Работно време на паркинзите во зоните за паркирање :
Прва зона A - работно време од 07.00ч-22.00 ч.
Втора зона B- работно време од 07.00ч-22.00 ч.
Трета зона C - работно време од 07.00ч-18.00 ч.

Слободно паркирање :
Прва зона А - од 22.00ч-07.00 ч.
Втора зона В- од 22.00ч-07.00 ч.
Трета зона С - од 18.00ч-07.00 ч.
За празници.
Во недела.

Член 8

Наплатата на цената на паркирање се врши преку мобилен телефон или паркинг картички.

При испраќање на СМС порака корисникот веднаш добива информација дали е започнато паркирањето и со која регистарска табличка. Доколку има грешка во испраќањето на пораката, добива повратна информација за точната содржина на пораката за почеток на паркирање. Цената на пораката е во рамките на цените за пораките на мобилните оператори или пониска, зависно од постигнатиот договор со мобилните оператори. Повратната порака е бесплатна.

Во случај кога корисникот ја изврши наплатата преку паркинг-картичка, негова должност е да ја изложи видливо од внатрешната страна на ветробранското стакло за да биде видлива на контролорите за зонско паркирање.

Член 9

Физичките лица - станарите од колективните станбени заедници лоцирани во зоните, можат површините за паркирање од член 3 да ги користат со повластени паркинг билети. Повластен паркинг билет го издава организаторот на паркингот .

Дозволата за повластено паркирање ја издава концесионерот по поднесено барање од станарот-сопственик на возило, а по претходно доставени докази за сопственост или закуп на стан и доказ за сопственост на возило (имотен лист или нотарски заверен договор за закуп и важечка сообраќајна дозвола на име на станарот).

Повластени паркинг билети за станари со идентична адреса на живеење може да бидат издадени само за две (2) возила.

Право на резервирано паркинг-место имаат правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната. Дозволата за резервирано паркинг место за правни лица ја издава концесионерот по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

Претплатна (месечна) паркинг карта има два типа.

Прв тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи само за правни лица.

Право на повластено паркирање имаат само правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната и тоа, за едно возило во зоната каде се наоѓа седиштето на место кое ќе го определи концесионерот но, не подалеку од една улица од седиштето на правното лице.

Оваа претплатна (месечна) карта важи само за зоната за која се однесува картата.

Дозволата за повластено паркирање за правни лица ја издава концесионерот по поднесено барање од правното лице, а по претходно

доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

Втор тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи и за физички и за правни лица. Оваа претплатна (месечна) карта ако е купена за прва зона ќе важи покрај за прва зона и за втора и за трета зона, ако е купена за втора зона ќе важи покрај за втора зона и за трета зона и ако е купена за трета зона ќе важи само за трета зона.

Дотур на роба може да се врши бесплатно до 7 часот наутро во тековниот ден. Потоа се наплаќа согласно тарифникот.

Член 10

Локациите кои се утврдени како авто-такси стојалишта, автобуски стојалишта, пешачки премини како и локации за друга намена утврдени согласно Одлука на Совет на Општина Кавадарци, не се предмет на оваа одлука и не влегуваат како локации во зонското паркирање.

Член 11

Бесплатно паркирање, организаторот на паркингот одобрува на возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарни возила, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, и за службените возила на општината.

Организаторот на паркингот може, за свои потреби, како и по барање на Општина Кавадарци да овозможи бесплатно паркирање на поедини возила, во случај на организирање на културно-спортски и слични манифестации.

Член 12

Доколку корисникот не изврши наплата на услугата за паркирање на начин согласно со оваа Одлука (наплата од мобилен телефон или го пречекорил временското ограничување на зоната), ќе се смета дека паркирањето е нелегално или непрописно паркирано.

За непрописно паркирано возило се смета она возило кое е паркирано надвор од обележаното место или е паркирано на место кое е наменето за друг тип на возила или корисници.

Во овие случаи, овластените лица на организаторот на паркирање можат да издадат доплатен билет, да извршат блокирање на тркалата или отстранување на возилото од паркиралиштето со специјално возило-пајак.

Член 13

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.07-4925/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката** за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12 и бр.27/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05), Советот на општина Кавадарци, на седницата одржана на 30.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа на цени по зони,**
**за организирање на зонско паркирање**
**на територијата Општина Кавадарци**

Член 1

За сите предвидени паркинг места се воведува ЗОНСКО паркирање во Прва, Втора и Трета зона.

Член 2

Цените за паркирање на патничките моторни возила во зонското паркирање се:

| | | |
|---|---|---|
| Прва зона | **07-22 ч.** | 30 денари / прв час ; 20 денари/втор час |
| | **22-07 ч.** | слободно паркирање |
| Втора зона | **07-22 ч.** | 20 денари / прв час ; 10 денари/втор час |
| | **22-07 ч.** | слободно паркирање |
| Трета зона | **07-18 ч.** | 10 денари / прв час ; 10 денари/втор час |
| | **18-07 ч.** | слободно паркирање |

**НАПОМЕНА:**

1. Секој нареден час после вториот е поскап за 10 денари од претходниот, но не повеќе од 50 денари од час за прва зона.
2. Секој нареден час после вториот е поскап за 10 денари од претходниот, но не повеќе од 40 денари од час за втора зона.
3. Секој нареден час после вториот е поскап за 10 денари од претходниот, но не повеќе од 30 денари од час за трета зона.
4. За втора и трета зона првите 15 минути се бесплатни во случај возилото да го напушти паркинг местото до 15 минути. За прва зона не важи оваа отстапка.

**ПОВЛАСТЕНО ПАРКИРАЊЕ**

Станари од колективни станбени заедници →

| | | |
|---|---|---|
| Прва зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило | 1 воз. / за 1 година |
| Втора зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило | 1 воз. / за 1 годин |
| Трета зона - | 300 ден. / 500ден. второ возило | 1 воз. / за 1 година |

**РЕЗЕРВИРАНО ПАРКИРАЊЕ**

Правно лице со седиште во зоната и корисничко право (доказ од Центр. рег.) →

| | |
|---|---|
| Прва зона - | 45.000 денари / 1 година |
| Втора зона - | 30.000 денари / 1 година |
| Трета зона - | 20.000 денари / 1 година |

07-17 часот

**ПРЕТПЛАТНА (МЕСЕЧНА) ПАРКИНГ-КАРТА**

Тип 1

Правно лице →

| | |
|---|---|
| Прва зона - | 3.000 денари / 1 месец |
| Втора зона - | 2.000 денари / 1 месец |
| Трета зона - | 1.000 денари / 1 месец |

Тип 2

Правни и физички лице →

| | |
|---|---|
| Прва зона - | 4.500 денари / 1 месец |
| Втора зона - | 3.000 денари / 1 месец |
| Трета зона - | 2.000 денари / 1 месец |

За непријавено паркирање се ставаат лисици(блокатори) и се наплатува секој час според тарифникот и надоместок од 1.000 денари како казна за непријавено паркирање. Доколку надоместокот за непријавеното паркирање не биде регулирано до 07.00 часот наутро интервенира пајак службата, а трошоците за нејзина интервенција се проценети на 1.500 денари од подигање на возило.

***Повластено паркирање***

Право на повластено паркирање имаат станарите од колективните станбени заедници лоцирани во зоните.

Дозволата за повластено паркирање ја издава концесионерот по поднесено барање од станарот-сопственик на возило, а по претходно доставени докази за сопственост или закуп на стан и доказ за сопственост на возило (имотен лист или

нотарски заверен договор за закуп и важечка сообраќајна дозвола на име на станарот).

***Резервирано паркирање***

Право на резервирано паркинг-место имаат правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната. Дозволата за резервирано паркинг место за правни лица ја издава концесионерот по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

***Претплатна (месечна) паркинг карта***

Претплатна (месечна) паркинг карта има два типа.

Прв тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи само за правни лица.

Право на повластено паркирање имаат само правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната и тоа, за едно возило во зоната каде се наоѓа седиштето на место кое ќе го определи концесионерот но, не подалеку од една улица од седиштето на правното лице.

Оваа претплатна (месечна) карта важи само за зоната за која се однесува картата.

Дозволата за повластено паркирање за правни лица ја издава концесионерот по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

Втор тип на претплатна (месечна) паркинг карта ќе важи и за физички и за правни лица. Оваа претплатна (месечна) карта ако е купена за прва зона ќе важи покрај за прва зона и за втора и за трета зона, ако е купена за втора зона ќе важи покрај за втора зона и за трета зона и ако е купена за трета зона ќе важи само за трета зона.

***Дотур на роба***

Дотур на роба може да се врши бесплатно до 7 часот наутро во тековниот ден. Потоа се наплаќа согласно тарифникот.

Член 3

Службените возила - специјални возила на Брза помош, полиција и противпожарна заштита се ослободуваат од плаќање на услугите за користење на јавните паркиралишта.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Кавадарци”.

**Бр.07-4925/3**
**30.10.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени за отстранување и чување на непрописно паркирани возила**
**на територијата на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката** за утврдување на тарифа на цени за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на Општина Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5100/4** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12 и бр.27/14), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) член 82 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на тарифа за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат цените на услугите за отстранување и чување на непрописно паркирани возила на територијата на град Кавадарци и тоа за :

- Подигнување и пренос на возило до депо Пајак по налог на овластено лице - 1.500,00 денари;
- Подигнување на возило од зелена површина, по налог на комунален инспектор и пренос на возилото -1.500,00 денари;

- Поставување/отстранување на механичко средство – лисици за блокирање на возило - 1000,00 денари ,

(во случај на поставување/отстранување покрај износот од 1000,00 денари е должен да плати цена на паркирање за соодветната зона согласно тарифата).

-Подигнување на непрописно паркирано возило по налог на овластено лице, кога сопственикот се појавува на лице место и самостојно го отстранува - 1.000,00 денари ;

Цените се со вклучен ДДВ .

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

| | |
|---|---|
| **Бр.07-4925/4** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **30.10.2014 година** | **Претседател,** |
| **Кавадарци** | **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-5100/5** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **03.11.2014 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **Дипл.прав.Александар Панов** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр8/05), а во врска со член 2 став 2 од Законот за комунални такси ("Сл.весник на РМ"бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/2012), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-687/2 од 13.03.2006, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07–302/12 од 31.01.2014 година ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.12/06,12/2014.), се менува и гласи :

"Во член 2 став 1 –Тарифа за комунални такси,

Тарифен број 8 став 1 СЕ МЕНУВА и гласи:

"За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплака комунална такса во висина од 15 % од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање."

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07-4925/5**
**30.10.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија на давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за концесија на давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5100/6**
**03.11.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(„Сл.весник на РМ" бр.6/2012), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за започнување на постапка за**
**за доделување на договор за концесија**
**за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Заради решавање на сообраќајните проблеми поврзани со зголемениот сообраќаен метеж во градот и проблемот со паркирањето во општина Кавадарци, врз основа на Физибилити студијата за оправданост на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци бр.18-64-39/26 од 22.10.2014 година (прилог на Одлуката), се утврдува потребата од започнување на постапка за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, преку зонско паркирање и затворени паркинзи (во понатамошниот текст Договор за концесија на услуги).

**Член 2**
**Образложение за оправданоста**

Оправданоста од доделување на Договорот за концесија произлегува од потребата од одржувањето и користењето на јавниот простор и потребата од воспоставување на организиран режим на паркирање преку користење на затвораните паркинзи и јавните површини (зонско паркирање) со оглед дека општина Кавадарци не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди ефикасен начин на одржување и користење на јавниот простор за паркирање.

**Член 3**
**Образложение за основот за идентификување за видот на договорот**

Со доделувањето на концесијата приватниот партнер ке ја превземе обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга- паркирање преку набавка на основни средства и опрема како и изведување на подготвителни работи за да може да бидат ставени во функција јавните површини-паркинзи , управување и одржување на системот на паркирање.

**Член 4**
**Цели**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за концесија се :

- уредување и организирање на нов, модерн и автоматизиран начин на управување и контрола со уличното паркирање како и на пракирањето од затворен тип-зонско паркирање и паркирање во затворени паркинзи ;
- набавка на опрема за давање на услуги на паркирање од страна на приватниот партнер (концесионерот);
- зголемување на квалитетот на услугите за паркирање;
- подобрување на сообракајниот ток и поголема безбедност на улиците ;
- зголемување на искористеноста на секое паркинг место односно обртот и измената на паркирање.

**Член 5**
**Предмет на Договор за концесија**

Предмет на Договорот за концесија е :

- финансирање на Договорот за концесија;
- набавка на опрема за давање на услуги на паркирање;
- изведување на градежни работи на јавните површини наменети за паркирање;
- стопанисување со јавните паркинзи;
- пренос на опремата за давање на услуги на паркирање во сопственост на општина Кавадарци и право на стопанисување со јавните паркинзи од страна на општина Кавадарци, по истекот на Договорт за концесија, на начин и под услови определени со Договорт за концесија .

**Член 6**
**Вредност на Договорот за јавно приватно партнерство**

Проценетата вредност на Договорот за концесија изнесува 269,992 ЕУР во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на уплатата на средствата .

**Член 7**
**Вид на постапка од Законот за јавните набавки**
**Начин и рок за спроведување на постапка**

Постапката за доделување на договор за концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци ке се спроведе преку отворен повик, согласно Законот за јавни набавки .

Критериум за избор на најповолна понуда е :

- Концесискиот надомест - 80 бода.
- Времетраење на концесијата – 20 бода.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

За спроведување на постапката за доделување на концесија за давање на услуги на паркирање во Општина Кавадарци, Градоначалникот на општината ке формира посебна комисија .

Комисијата од став 1 е составена од 1 член од позицијата и 1 член од опозицијата и нивни заменици, кои ке ги предложи Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

**Член 9**

Одлуката за избор на приватен партнер, на предлог на Комисијата од член 8 , ја донесува Советот на Општина Кавадарци.

Најповолниот понудувач од став 1 на овој член ке основа Друштво за посебна намена (ДПН), кое ке го склучи (потпише) договорот за ЈПП и ке го реализира предметот на договорот на начин и под услови уредени со истиот

**Член 10**

**Висина на надоместок за издавање на тендерска документација**

За издавањето на тендерската документација не се наплака паричен надоместок.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07-4925/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година,**донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Република Македонија’”бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/04 и 96/04, 67/07,156/09, 47/2011) и член 82 став 1 точка 4 а во врска со член 154 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година број 07- 5992/2 од 27.12.2013 (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.11/2013, 12/2014) година, се врши измена и дополнување:

I. Член 11 став 1 алинеа 1 СЕ МЕНУВА и гласи :Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2014 година може да се зголемат за 4 % започнувајки со исплатата на платите за октомври 2014 година.

II. Во член 11 став 1 алинеа 2 бројот „ 73,80 “ денари СЕ ЗАМЕНУВА со бројот „76,8„.

Во останатиот текст Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07-4925/7**
**30.10.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање под закуп недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање под закуп недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/8**
**03.11.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 42, член 48 и член 49 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Сл.Весник на РМ” бр.8/2005, 150/2007, 35/11, 166/12 , 137/13 и 27/2014), член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 67 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање под закуп недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Недвижната ствар сопственост на Општина Кавадарци – објект Вила “Моклиште” во вкупна површина од 1.030 м2, од кои: под објект 145 м2 и дворно место 885 м2, заведена на КП.бр.3422 во м.в.”Катуниште” КО Ваташа, се дава под закуп по пат на електронско јавно наддавање, во согласност со закон.

**Член 2**

Почетната цена на електронското јавно наддавање се определува на предлог на овластен проценител, а постапката ја спроведува Комисијата за имотно правни работи.

Постапката од став 1 на овој член ке се спроведе по инсталирање на софтвер за електронско јавно наддавање во општина Кавадарци.

**Член 3**

Правото на закуп на објектот од член 1 на оваа Одлука се дава за период од 2 години со можност за продолжување.

**Член 4**

Со правото на корстење на објектот се пренесува и обврската што произлегува од користењето во врска со плаќање на тековните комунални трошоци (електрична енергија, вода и сл.)

**Член 5**

Начинот и условите на користење поконкретно ќе се уредат со склучување на Договор со најповолниот понудувач во постапката на јавното наддавање.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07-4925/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат за објекти надвор од планскиот опфат**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат за објекти надвор од планскиот опфат,**донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/9** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.весник на на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл.весник на РМ" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13 и бр.72/13), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ке се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање бр.14-4071** на барателот **Борис Ѓошев** од **ул.Доно Попов бр.44**, **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   - **станбен објект - зграда број 1** кој се наоѓа на **КП бр.637** во **КО Бојанчиште** на **м.в. Бојанчиште** (надвор од опфатот, нема УП документација)

2. **Барање бр.14-199** на барателот **Илија Митрески** од **ул.Петар Дељан бр.2/4-14** од **Скопје - Кисела Вода** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   - **викенд куќа - зграда број 3** и
   - **помошен објект – гаража - зграда број 7**

   изградени на **КП бр.467** во **КО Брушани** на **м.в.Црните Камења** (надвор од опфатот, нема УП документација)

3. **Барање бр.14-2994** на барателот **Зоран Тренчев** од **с.Возарци, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

   - **викенд куќа - зграда број 1** изграден на **КП бр.24/3 КО Драдња** на **м.в.Големата Страна** (надвор од опфатот, нема УП документација)

4. **Барање бр.14-2214** на барателот **Видоја Стојчев бул.АСНОМ бр.48/1-5** од **Скопје-Аеродром** за утврдување на правен статус на бесправен објект –
   - **станбен објект – зграда број 1** кој се наоѓа на **КП бр.1568** и зафаќа дел од **КП бр.1565** и
   - **помошен објект – зграда број 2** кој се наоѓа на **КП бр.1568** во **КО Дабниште** (надвор од опфатот, нема УП документација)

5. **Барање** бр.14-1732 на барателот **Слободан Мицев** од **ул.Бел Камен 4-1/11** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

– **викенд куќа - зграда број 50** изграден на **КП бр.568 КО Брушани** на **м.в.Грнчаровец** (надвор од опфатот, нема УП документација)

6. **Барање** бр.14-1257 на барателот **Марјан Петровски** од **ул.Илинденска бр.46** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект зграда број 1** изграден на **КП бр.533 КО Чемерско** на **м.в.Локвичките** (надвор од опфатот, нема УП документација)

7. **Барање** бр.14-796 на барателот **Сашо Анчевски** од **ул.Антон Попов бр.85/2-2** од **Скопје-Гази Баба** за утврдување на правен статус на бесправен објект

– **викенд куќа - зграда бр.8** изградена на **КП бр.553 КО Брушани** на **м.в.Рамниште** (надвор од опфатот, нема УП документација)

8. **Барање** бр.14-1255 на барателот **Ќирил Камчев** од **ул.Мито Хаџивасилев број 48**, **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

– **станбен објект - зграда број 3** изграден на **КП бр.528** и зафаќа дел од **КП бр.534/1 КО Чемерско** на **м.в.Локвичките** (надвор од опфатот, нема УП документација)

9. **Барање** бр.14-1251 на барателот **Тоше Димов** од **ул.Слога бр.10**, **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект

- **викенд куќа - зграда број 47** изграден на **КП бр.378 КО Брушани и**
- **помошен објект – зграда број 94** изградени на **КП бр. 378 КО Брушани** на **м.в.Страната** (надвор од опфатот, нема УП документација)

10. **Барање** бр.**14-6777** на барателот **Ристо Петров** од **ул.Февруарски Поход бр.10**, **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
**– викенд куќа - зграда број 1** изграден на **КП бр.3336/1 во КО Ваташа** на **м.в.Брдарови Ораи** (надвор од опфатот, нема УП документација)

11. **Барање** бр.**14-4978** на барателот **Винарија Попов ДООЕЛ** од **с.Сопот** за утврдување на правен статус на бесправен објект
– **винарија – зграда број 1** изградена на КП **бр.3274** и зафаќа дел од КП **бр.3275 во КО Сопот** на **м.в.Село** (надвор од опфатот, нема УП документација)

12. **Барање** бр.**14-1877** на барателот **Лазо Темков од ул.Маршал Тито бр.64** од **с.Марена, Општина Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
– **станбен објект - зграда број 1** изграден на **КП бр.2748 КО Марена** на **м.в.Село** (надвор од опфатот, нема УП документација)

13. **Барање** бр.**14-543** на барателот **Зоранчо Стојанов од ул.Брушанска бр.30** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
– **викенд куќа - зграда број 62** изграден на **КП бр.568 КО Брушани** на **м.в. Грнчаровец** (надвор од опфатот, нема УП документација)

14. **Барање** бр.**14-447** на барателот **Влатко Стојанов** од **ул. Цано Поп Ристов бр.33 Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
– **викенд куќа - зграда број 1** изграден на **КП бр.61/1** КО **Драдња** на **м.в.Голеш** (надвор од опфатот, нема УП документација)

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07-4925/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна ифраструктура**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна ифраструктура, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.весник на на Општина Кавадарци” бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ” бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13 и бр.72/13), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ќе се изврши усогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање бр.14-496** на барателот **Митко Еминов** од **ул.„Страшо Пинџур" бр. 123** од **Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   - **станбен објект - зграда 3** изграден на **ул.„Браќа Џунови"** на **КП бр.16508/1** и зафаќа дел од **КП бр. 15932 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

2. **Барање бр.14-2712** на барателот **Ристо Стојанов од ул."Шишка"бр.36, Кавадарци**
   - **деловен објект - зграда број 2** изграден на на **ул."Шишка"бр.36** на **КП 12378 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена улица по важечкиот ДУП Рајко Жинзифов)

3. **Барање бр.14-1462** на барателот **Трајче Попов** од **ул.12-те Другари бр.36 Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **надградба на станбен објект - зграда број 2** изграден на **ул.12-те Другари на КП бр.4357/1 КО Ваташа** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)
4. **Барање бр.14-431** на барателот **Миле Јорданов** од **ул.Страшо Пинџур бр.256, Ваташа, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект - зграда број 2** изграден на **ул.Страшо Пинџур, Ваташа** на **КП бр.4665/2** и зафаќа дел од **КП бр.4665/1 КО Ваташа** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура - тротоар)

5. **Барање бр.14-2625** на барателот **Димитрија Данов од ул.Григор Прличев бр.16, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект

– **станбен објект - зграда број 1**изграден на **ул.Григор Прличев, Кавадарци** на **КП бр.12250 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура - тротоар)

6. **Барање бр.14-1425** на барателот **Силвана Илова од бул.Македонија бр.36/2-9 од Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект - зграда број 1** изграден на **КП бр.10575/1** на **ул.Б.Алексов КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

7. **Барање бр.14-4904** на барателот **Драги Лазов** од **ул.Илчо Димов бр.5** од **Ваташа, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект - зграда број 2** изграден на **КП бр.4617** на **ул.Илчо Димов** во **КО Ваташа** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

8. **Барање бр.14-439** на барателот **Јован Аврамов** од **ул.„Страшо Пинџур“ бр.89, Ваташа, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   - **станбен објект - зграда број 1**
   - **помошен објект - зграда број 5**

   изградени на **КП бр.4071** на **ул.„Страшо Пинџур“** во **КО Ваташа** (дел од објектот - зграда број 1 е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

9. **Барање бр.14-570** на барателот **Ристо Сапунџиев** од **ул.„Страшо Пинџур“ бр.91** од **Ваташа, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект - зграда број 1** изграден на **КП бр.4088** на **ул.„Страшо Пинџур“** во **КО Ваташа** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

10. **Барање бр.14-1733** на барателот **Фидо Трајков** од **ул.Илчо Димов бр.7 Ваташа, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект

– **станбен објект - зграда 1** изграден на **ул.Илчо Димов, Ваташа КП бр.4616 КО Ваташа** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

11. **Барање бр.14-602** на барателот **Диме Трајков** од **ул.Февруарски Поход бр.2, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **станбен објект - зграда 2** изграден на **ул.Февруарски Поход** на **КП бр.16160 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

12. **Барање бр.14-6140** на барателот **Зора Трендафилова** од **ул.Методи Џунов Џико бр.47, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   - **доградба на станбен објект - зграда 1**
   - **помошен објект – гаража - зграда 2**

     изградени на **ул.Методи Џунов Џико бр.47** на **КП бр.15633 КО Кавадарци 2** (објектот - зграда број 1 е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

13. **Барање бр.14-1838** на барателот **Миливој Стефанов** од **ул.Тиквешка бр.3, Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **доградба на деловен објект - зграда 1** изграден на **ул.Б.Крстиќ** на **КП бр.12961/4** и зафаќа дел од **КП бр.12961/1 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

14. **Барање бр.14-2617** на барателот **Ристо Грижев од ул. Ило Костов бр.35 од Кавадарци** за утврдување на правен статус на бесправен објект
   – **помошен објект - зграда 1** изграден на **ул.Владимир Назор бр.17** изграден на **КП бр.12290/3** и зафаќа дел од **КП бр.12290/1 КО Кавадарци 2** (објектот е сместен на дел од сообраќајна инфраструктура)

15. **Барање бр.14-825** на барателот **Ѕвонко Тодоров** од **ул.Ѓорѓи Сугаре бр.35 Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект

– доградба на станбен објект - зграда 1 изградена на ул.Сутјеска на КП бр.13907/1 и зафаќа дел од КП бр.13907/2 КО Кавадарци 2 (објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура)

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.07-4925/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна ифраструктура на КП.бр.3881/1 КО Ваташа**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна ифраструктура на КП.бр.3881/1 КО Ваташа, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.10.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-5100/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**03.11.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.весник на на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл.весник на РМ" бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13 и бр.72/13), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10. 2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура на КП бр.3881/1 КО Ваташа

### Член 1

1. Се утврдува дека не се исполнети условите за донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура за бесправниот објект – **помошен објект – гаража - зграда број 2** изграден **ул. Калница на КП бр.3881/1 КО Ваташа**, во сопственост на лицето **Илко Чакрески** од **ул. Калница бр.46А од Кавадарци** кој поднесе барање под број **14-1412** за легализација на **станбен објект – зграда број 1, помошен објект – гаража - зграда број 2 и помошен објект – зграда број 3**, од кои горе наведениот бесправен објект **помошен објект – гаража - зграда број 2** не ги исполнува условите за вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планската документација, бидејќи објектот е сместен на дел од предвидена сообраќајна инфраструктура.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.07-4925/11**
**30.10.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
